УДК 316.346.36-053.9

Дивна ЃОРЃЕВСКА-ПОПОВСКА

# НАУКИТЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА СТАРИТЕ ЛУЃЕ

## Почетоците на геронтолошките сознанија

Староењето и староста го привлекувале вниманието на луѓето, а посебно на филозофите, уште од античко време. Првите трудови кои се однесуваат на староењето и староста потекнуваат од познатиот антички филозоф и лекар Хипокрит. Тој ги опишувал промените кои настануваат во текот на животот на кожата, мускулите, тонусот и осетливоста, како и на повеќе болести кои се карактеристични за старите луѓе. Исто така и Гален ги проучувал промените кои настануваат кај старите луѓе. Неговото учење за диететиката, гимнастиката и масажите, како и за некои методи на лечење, имаат свое значење и денес. Но учењата за старите во тој период и многу подоцна биле многу ретки и оскудни. Италијанскиот анатом Габриел Жерби 1489 година објавил книга со наслов „Геронтокомија". Така геронтокомијата претставува прва наука за староста. Таа посебен интерес пројавила за природата на староста, долговечноста, за условите на предвременото староење, но најповеќе за болестите кои најчесто се јавуваат кај старите луѓе. Сепак овие интересирања се развивале многу споро. Познатиот руски научник Давидовски (1966) презентира податоци дека во XVII век биле објавени девет трудови од оваа област, додека во XVIII век биле објавени четириесет и два труда.

Во текот на XIX-от век бројот на трудовите кои се однесувале на староста и староењето знатно се зголемил, но исто така се зголемил и бројот на научните работници кои се занимавале со оваа проблематика. Меѓутоа и понатаму бил доминантен интересот за болестите на старите луѓе што довело до формирање на посебна медицинска дисциплина, која специјално се занимава со болестите во староста и нивното лечење. Оваа наука американскиот научник Нашер (Грмек 1964), 1905[6] ја нарекол геријатрија. Тој има најголеми заслуги за нејзиното формирање како посебна научна дисциплина.

Геријатријата во текот на својот развој почнала да се интересира и за други проблеми на старите луѓе кои биле надвор од нејзините граници. На

тој начин се создавале услови за појава на нова наука – геронтологија, (geront-gerontos – старец и logos – наука). Оваа наука за предмет на своето проучување ги зела сите појави на староста, со што геријатријата станала гранка или дисциплина на геронтологијата.

Геронтологијата во процесот на формирањето како посебна наука и непосредно потоа имала повеќе биолошка ориентација. Меѓутоа набрзо се согледало дека е тоа еднострaн пат на развиток и почнале сè повеќе да се јавуваат трудови поврзани со социјалните проблеми на старите луѓе. Тоа довело до појава на социјалната геронтологија. Основоположник на оваа дисциплина се смета дека е Тибес (Clark 1960)[2] кој 1960-та година ја објавил книгата „Прирачник по социјална геронтологија" во која ги изнел основите на оваа геронтолошка дисциплина. Набргу по него, со посебна заслуга на Верзар (Дубина, 1975)[4] 1963 година почнува да се развива и експерименталната геронтологија како дисциплина која со помош на експерименталната метода го проучува механизмот на стареењето, со цел да се измени темпото на стареење. Малку подоцна геронтологијата почнала да се интересира и за психолошките појави во староста и стареењето. Овој интерес растел многу брзо, така што веќе кон 70-тите години 50% од објавените трудови се однесувале на психолошките потреби на старите луѓе, според податоците кои ги наведува Т. Карсајевскаја (1978)[9].

## Едукативна геронтологија

Во процесот на формирање на посебните геронтолошки дисциплини исто така се појавила и едукативната геронтологија. Гленденинг (1985)[5] наведува дека терминот едукативна геронтологија за прв пат се применил 1970-та година на Универзитетот Мичиген во САД. Интересот за оваа дисциплина особено се зголемил по 1970-тата година, кога Мак Ласки (1982)[13] на Конференцијата за старите луѓе која била одржана во Белата куќа во Вашингтон изнел многу убедливи податоци за правата на оваа категорија популација на образование, за нивните потреби и можности како и за обврските на заедницата овие права и практично да се реализираат.

Голема заслуга за афирмација на едукативната геронтологија припаѓа и на Петерсон (1976)[14] кој во 1976 година прв ја предложил дефиницијата на едукативната геронтологија. Оваа дефиниција ја акцептирале многу научници од ова подрачје. Таа гласи: „Едукативната геронтологија е поле на истражување и практика кое неодамна се развило врз заедничките основи на образованието на возрасните и социјалната геронтологија. Научното проучување и практиката кои се однесуваат на стареењето и старите луѓе можат да се посматраат низ три меѓусебно поврзани аспекти:

а) едукативна грижа на луѓето од средна возраст и постари,

б) едукативна општа и специфична општествена грижа во врска со возраста и старите луѓе, и

в) едукативна подготовка на лицата кои работат или намеруваат да се вработат во установите за стари луѓе." Тоа значи, едукација за старите луѓе, едукација во врска со стареењето и едукација на професионалци.

Во однос на првата задача на едукативната геронтологија, која се однесува на едукацијата на старите луѓе, Мак Ласки пишува: „Старите луѓе имаат витална потреба за образование за да бидат во состојба да ја подобрат својата сопствена состојба, а исто така и да учествуваат во создавањето на подобар живот, за пошироката општествена заедница." (1982)[13] Секој степен од животниот циклус на модерното општество бара луѓето да учат нови нешта, за да постигнат она на што аспирираат и она што од нив го очекуваат другите, вели Хавигхарст (1976)[7]. Слично мислење изнесува и Хол (1974)[8] и други автори. Голем број автори кои се занимаваат со проучување на проблемите на образованието на старите луѓе ја истакнуваат потребата од поголемо поврзување на теоријата и практиката. Тие посебно ја истакнуваат потребата за образование пред пензионирањето за живот во староста.

Втората задача на едукативната геронтологија, која ја истакнал Петерсон, се однесува на образованието во врска со стареењето. Тој пред сè бара образованието да влијае да се промени односот кон старите луѓе, кој се нарекува „ејџизам" и кој создава сосема погрешна слика за старите. „Сите луѓе, смета Петерсон, треба да добијат правилни информации за старите, за промените што настануваат кај нив, за нивните потреби и можности." Образованието треба да помогне правилно да се сфатат проблемите на старите, тие да не се издвојуваат од останатиот дел на човековата популација, туку да бидат заедно со нив, да се интегрираат и да учествуваат во тековите на заедничкиот живот.

Третата задача на едукативната геронтологија се состои во подготвувањето на професионални и волонтерски кадри за работа со старите луѓе. Од тоа како и колку кадри ќе бидат подготвени зависи организацијата, работата и успехот на сите институции кои се занимаваат со образование на старите луѓе.

Гленденинг (1985), предлага во програмите за образование на професионални кадри и волонтери за работа со старите, покрај останатото да се предвиди следново: процесот на стареење, стереотипи и мотиви за старата возраст, дигнитетот на стареењето, потребите на старите луѓе, историски развој на релевантните правни и социјални прописи, правото на заштита, вежбање во известувањето, оценувањето, истражувањето и други активности.

Овие три задачи на едукативната геронтологија, или како Петерсон ги нарекува три посебни категории, се остваруваат низ теоријата и практиката. Теоријата би се состоела од истражувања и разработка на теориските и филозофските основи на едукацијата на старите луѓе, средината како фактор во животот на старите, потребите и нивните образовни импликации. Практиката се состои во составување адекватни програми, организација на наставата и останатите практични активности кои се поврзани со оваа категорија на популација. Бидејќи за секоја од наведените три категории е предвидена теорија и практика, едукативната геронтологија има шест подрачја на интересирање и активности. Петерсон оваа наука шематски ја прикажува на следниот начин:

КАТЕГОРИИ НА ЕДУКАТИВНАТА ГЕРОНТОЛОГИЈА СПОРЕД ПЕТЕРСОН

| | | Подрачја за инструкции | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Инструкции на старите луѓе | Инструкции за старите луѓе | Инструкции на професионалци и волонтери |
| функции | Истражувања | Инструктивна геронтологија | Социјална геронтологија | Геронтолошка едукација |
| | Практика | Образование на старите луѓе | Советодавна геронтологија | Професионална геронтологија |

Инструктивната геронтологија ги проучува интересите и потребите на старите луѓе, значењето на образованието и учењето во нивниот живот, мотивацијата на старите луѓе за образование, промените во интелектот во текот на животот, наставните методи и програми, односно сето она што учењето на старите луѓе може да го направи поефикасно.

Образованието на старите луѓе содржи практични упатства за наставно-образовната работа со старите луѓе, помагајќи им да го прошират своето знаење. Тоа е во суштина основата на едукативната геронтологија.

Подрачјето на инструкции за старите луѓе се однесува на социјалната советодавна геронтологија. Социјалната геронтологија проучува како можеме да ги разбереме старите луѓе, ситуациите во кои тие се наоѓаат, проблемите на комуникација меѓу старите и со старите, семејните услови, улогата и работата на социјалните работници за проблемите на старите луѓе, здравствената заштита и сл. Гленденинг ги наведува и следните теми во составот на социјалната геронтологија: стереотипиите и митовите кои се однесуваат на стареењето и староста, улогата на односите млади-стари и стари-стари во заедничкиот живот, програми за промена на ставовите и сл.

Советодавната геронтологија ја проучува советодавната работа по проблемите од посебен интерес за старите луѓе, со цел да им се помогне успешно да ги решат проблемите кои се појавуваат пред нив, како што се на пример проблемите поврзани со пензионирањето и пензиите, во решавањето на станбените проблеми, за материјалното обезбедување и слично.

Подготвувањето на професионалните и доброволните кадри за работа со старите луѓе ги дава геронтолошките знаења кои треба да ги стекнат и да ги поседуваат кадрите кои работаат или ќе работат со оваа популација. За работа со стари луѓе потребно е специфично знаење и увежбување. Таквите кадри треба да се образуваат низ соодветни наставни планови и програми во кои би биле инкорпорирани сите знаења за старите луѓе, за нивните потреби и можности, за нивните психички и физички карактеристики и начините на однесување со нив.

Покрај подготвувањето на професионални кадри, кои ќе бидат постојано ангажирани во установите за стари луѓе, вакво образование е потребно и на другите профили кои посредно или непосредно се упатени на старите, како на пример медицински сестри, социјални работници, негователки и други.

Иако сфаќањето на Петерсон за едукативната геронтологија е доста широко, Гленденинг го проширува овој обем на уште две подрачја и тоа: инструктивна геронтологија врз основа на самопомош и едукација на старите луѓе низ самопомош. На тој начин Гленденинг (1985) го предлага следниот распоред на одделните подрачја за едукацијата на старите луѓе:

КАТЕГОРИИ НА ЕДУКАТИВНАТА ГЕРОНТОЛОГИЈА И НА ГЕРОНТОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА СПОРЕД ГЛЕНДЕНИНГ

| | |
|---|---|
| А. Едукативна геронтологија (учење во постара возраст) | |
| Старите луѓе и возрасните едукатори | Старите луѓе како едукатори |
| 1. Инструктивна геронтологија<br>2. Едукација на старите луѓе | 3. Самоедукативна геронтологија<br>4. Самоедукација на старите луѓе |
| Б. Геронтолошка едукација (предавања по геронтологија) | |
| 5. Социјална геронтологија<br>6. Советодавна геронтологија | 7. Геронтолошка едукација<br>8. Професионална геронтологија |

Како што може да се види од горенаведените прегледи, и Петерсон и Гленденинг, како и многу други автори на образованието на старите луѓе, предлагаат повеќе научни подрачја кои ја опфаќаат и истражувачката и практичната работа и кои се однесуваат на две посебни едукации и тоа: прво, како можат старите луѓе да учат најуспешно (Learning in the Later Years), и второ како може најуспешно да се организира и изведе образовниот процес кој се однесува на старите луѓе (Teaching Gerontology).

Иако е млада наука едукативната геронтологија е веќе поделена на два дела, на научно и практично подрачје; првото ги проучува проблемите на образованието на старите и се состои од неколку целини кои интензивно се развиваат и веќе почнуваат да се формираат како самостојни дисциплини, со посебен предмет и методи на истражување; и второто подрачје кое исто така има свои посебни проблеми и целини од кои се појавуваат нови дисциплини за наставата и другите образовни форми кои ќе овозможат образовната работа со старите луѓе да биде поуспешна.

Меѓутоа покрај геронтологијата, односно покрај едукативната геронтологија за образованието на старите луѓе, сè повеќе во последно време,

покажуваат интерес и науките кои се занимаваат со проучувањето на воспитанието и образованието, како што се педагогијата и андрагогијата.

### Науките за воспитание и образование за образованието на старите луѓе

Потребата за проучување на образованието на старите луѓе, спонтано и непосредно има свои корени и во науките за воспитание: педагогијата и андрагогијата, условени пред сè од концепцијата и филозофијата за доживотно образование и воспитание.

Со цел сеопфатно да ја согледаме и проучиме состојбата и развојот на теоријата и практиката на образованието на старите луѓе, нужно е да го проследиме и континуумот на развој на педагогијата и андрагогијата.

Педагогијата е стара наука за воспитание и образование. На почетокот таа ги проучувала проблемите на воспитание и образование на децата. Во тоа време и многу векови подоцна воспитанието и образованието имале за задача да ја подготват младата генерација за работа и живеење во општествената заедница. За младата генерација се отворале училишта и други воспитно-образовни институции, се печатени книги за деца, се подготвувани кадри за работа со деца, како и други активности поврзани со нивното воспитание. Колку биле големи настојувањата на педагозите и какви резултати се постигнати ни сведочи богатството и разновидноста на идеите кои се јавувале и развивале во минатото и кои влегуваат во историјата на педагогијата.

Воспитно-образовната работа со младата генерација нема само индивидуално туку и општествено значење. Затоа скоро сите земји, а посебно економски и културно поразвиените, обрнуваат големо внимание пред сè на училиштата и останатите воспитно-образовни институции. За овие потреби државата одделува големи финансиски средства. Напорите на државите, иако различни во зависност од уредувањето, покажуваат тенденција со ова образование да се опфатат сите деца без разлика на социјалните, половите и други посебности, па дури ни на разликите во интелектуалниот развој.

Позитивниот однос на општеството кон образованието, зголемувањето на општествените потреби, како и сè поголемата можност за образование, придонел сè повеќе внимание да се обрнува и на средното а исто така и на вишото и високото образование. Од овие институции излегувале кадри кои со своите знаења и способности уште повеќе ја унапредувале општествената заедница во секој поглед. Од овие причини, денес, оправдано се смета дека иднината на една земја сè повеќе зависи од нејзиниот интерес кон образованието и школувањето на солидни стручни кадри.

Врз основа на овие потреби и сознанија а и на многу други, се отпочнало со проучување на образованието на возрасните луѓе. На почетокот, педагогијата пројавува интерес и го проучува образованието на возрасни: на родители, наставници и сл. Во оваа работа биле користени педагошки искуства и дидактичко-методските сознанија. Но и покрај забележителни резултати, сè повеќе била неминовна потребата проучувањето на образова-

нието на возрасни, поради својата специфичност, да биде предмет на посебна наука. Така во рамките на педагошката наука, а според зборовите на Д. Савиќевиќ, (1991) во судир со педагогијата почнала да се развива науката за образование на возрасни, андрагогијата. Причините зошто не е дојдено до заедничка сума на знаења се состои во фактот што педагогијата се ограничува на проучување на младата генерација и тоа пред сè на основното училиште. Педагогијата и андрагогијата се разликуваат во нивните сопствени подрачја. Образованието на возрасни како подрачје на воспитно-образовната практика бара посебни пристапи во истражувањата на образованието и учењето кои се диференцирани од педагогијата. Овие специјални проблеми според Аланен (1978), настануваат на следниве основи:

1. Според целите на образованието на возрасните и неговите задачи во општеството,

2. Социјалната околина и животната ситуација во која возрасните учат и стекнуваат знаења, и

3. Способноста за учење на возрасните и потенцијалите кои се поврзани со возраста, искуството и социјалната положба.

Врз основа на главните проблеми на истражување, Аленен смета дека може да се уочат разликите меѓу образованието на децата и на возрасните. Тие проблеми се следните: можностите и потребите за учење на возрасните поврзани со целите и погледите на возрасниот човек; поврзаноста на образованието на возрасните со општествените промени; проблемите на партиципација и неучествувањето на возрасните за учење; алтернацијата на работата и образованието; проблемите на самообразование итн. Во тие истражувања секако е потребна соработка на андрагогијата со педагогијата и со другите општествени науки. Тезата дека филозофијата на доживотното образование ќе биде интегративен фактор треба да се потврди. Идниот развој на науките за воспитание и образование оваа теза ќе ја потврдат или отфрлат.

Бидејќи не постојат јасни граници кога завршува периодот на детството и младоста и кога почнува периодот на возрасниот човек, или како што уште се нарекува зрело доба, така не се поставени и нема потреба да се постават граници меѓу педагогијата и андрагогијата. Граници не постојат исто така ни меѓу периодот на возрасен и стар човек. Поради тоа проучувајќи ги проблемите на образованието на возрасните, андрагогијата почнала да се занимава и со проучување на проблемите на образованието на старите луѓе. Новите, многу подобри услови на живот значително ги помериле границите на просечниот живот на луѓето. Со тоа, се зголемил и процентот на оваа група во општата популација. Здравствената заштита и поголемиот стандард на живеење овозможуваат старите луѓе да водат активен живот. Науката од своја страна докажала дека старите луѓе се способни за многу активности, па и за учење (Торндајк, 1972)[16].

Ваквите сознанија помогнале во рамките на андрагогијата да се прават истражувања поврзани со образованието на старите луѓе. Во расправите за андрагогијата, некои американски автори (Х. Р. Муди, 1976; Џ. Лебел,

1978)[12], настојувале да конструираат посебна дисциплина која ќе го проучува образованието и учењето на старите луѓе: елдерогогија или герагогија. Тоа го поткрепуваат со тезата дека постојат разлики меѓу овој и другите периоди на возрасната доба и дека асимилацијата на образованието на стари во општото подрачје на образование на возрасни не е оправдано. Некои автори (Х. Р. Муди) укажуваат дека сфаќањата на старата возраст како посебен период во животот на човекот или како континуум на возрасната доба е всушност филозофско прашање. Тоа не може да се сведе на особините на учењето или на примената на техниките и постапките во учењето. Битно е дали образованието на старите луѓе има посебен сет на критериуми и цели кои се разликуваат од образованието на возрасни. Е. Маркус (1972)[10] пак, смета дека периодот на староста е карактеристичен и од аспектот на образование и на учење и не е доволен ни андрагошкиот пристап.

Настојувањата да се конституира нова дисциплина која ќе го проучува образованието и учењето на старите луѓе не се осамени. Нив ги сретнуваме и кај автори од други земји. Но евидентно е дека староста е една од фазите во животот на возрасниот човек. Тоа може да биде посебно подрачје на истражување во рамките на андрагогијата, но само како дел на интегралната наука за образование и учење на возрасните (Савиќевиќ, 1991)[15].

Геронтагогијата е во фаза на формирање како посебна андрагошка дисциплина. Во овој процес, како што е случај и со другите науки, постојат голем број тешкотии, скитања, грешки и недоследности, несогласувања, противречности, недостаток на истражувачки материјал, недостаток на кадри кои би работеле на овие проблеми, недоволна еманципација и др.

Образованието на старите луѓе сè повеќе се смета како евидентна и нужна потреба (универзитети на трета возраст се отворени во многу земји во светот). Се организираат истражувања (во повеќе земји во светот) за да се утврди какви потреби имаат старите луѓе, какви се личните и општествените можности за задоволување на овие потреби, како резултатите на овие истражувања да се применат во практиката? Овие истражувања досега се одвивале на две релации, односно во рамките на двете науки за образование на старите луѓе и тоа низ едукативната геронтологија и преку андрагогијата, односно геронтагогијата. Едукативната геронтологија не го ни спомен ува името андрагогија, а уште помалку геронтагогија. Од друга страна пак, андрагогијата потполно го занемарува изразот едукативна геронтологија. Како една со друга да не се познаваат и како едната и другата да немаат ист предмет на истражување – образованието на старите луѓе. Се чини дека едните имаат повеќе грижа за проблемите на старите луѓе и како со образованието да се надминат, додека другите за можностите и потребите за образование и учење на старите луѓе.

Ваквата состојба сè повеќе ја наметнува потребата од поголемо зближување на овие науки. Теоретичарите на образованието на возрасни укажуваат на поголемо ангажирање во проучувањето на проблемите на образованието на старите луѓе и на повеќе општествени и природни науки, што е сосема

евидентно, но е уште поевидентна потребата од воспоставување научни релации меѓу андрагогијата и едукативната геронтологија, со цел поуспешно да се усовршуваат и решаваат како теориските, така и практичните проблеми на образованието на оваа категорија од човечката популација.

BIBLIOGRAFIJA


1. ALANEN, A., Adult Education as a Practical Social Science, Adult Education in Finland, No. 1, 1978.
2. CLARK TIBITS, Handbook of Social Gerontology, Chicago, 1960.
3. DAVIDOVSKI, M. V., Gerontologija, Izdatelstvo „Medicina", Moskva, 1966.
4. DUBINA, A. i RAZUMOVIC, A. N., Vovedenie v eksperimentalnuju gerontologiju, Minsk, 1975.
5. GLENDENNING, F., What is Educational Gerontology, London, 1985.
6. GRMEK, M. D., Gerontologija - učenje o starosti, Medicinska nauka, Moskva, 1964.
7. HAVIGHURST, R. J., Educational Gerontology, Bristol, 1976.
8. HOULE, C. O., The Perspective of Lifelong Education, Hamburg, 1974.
9. KARSAEVSKAJA, T. V. i ŠATALOV, A. T., Filozofkii aspekti gerontologiji, Moskva, 1975.
10. MARCUS, E., Factors Affecting the Self- image of the Older-Aged Learner, ERIC, Microfishe, 1972.
12. LEBEL, J., Beyond Andragogy to Geragogy, in Lifelong Leraning the Adult Years, No. 1978.
13. Mc. LASKY, H. Y., Education of Older Adults, University of Michigen, Ann Arbor, 1982.
14. PETERSON, D. A., Educational Gerontology, Hemisvere public Corp., 1980.
15. SAVIĆEVIĆ, D., Savremena shvatanja andragogije, Prosveta, Bg., 1991.
16. THORNDIKE, E. L., Adult Interests, The Macmilan Co., San Francisko, 1972.


Divna DORDEVSKA-POPOVSKA

## THE SCIENCES FOR THE EDUCATION OF THE OLDER PERSONS

(Summary)


The knowlidge about elder people and eldernes are too ancient. The first philosoph and doctor who had written about that is Hippocrit and then Gallen. Gabriele Zerby, in 1489 year, had written a book about eldernes „Gerontocomija". After that appiered Gerriatry, as a science for medicine treetment old people.

After II Second World war was formed „Gerontology", as a science with many disciplines as: Social gerontology, Experimental gerontology, Educational gerontology and so on. Educational gerontology also has many regions whisch have been aimed in now branches of this, as: Instructive gerontology, Advicery Gerontology, Professional Gerontology and so on.

Independent of the Gerontology, the education of elder people become the object of study in the sciences of Education: the pedagogy and the andragogy, as a part of the

philosophy for lifelong education. The geragogy or the gerontagogy is a new educational discipline about the learning of old people.

In the present bout disciplines the Educational gerontology and the Gerontagogy have developed independantly one other. It is need to make efforts for successful rellation beteen them.